**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 јуни 2020 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: мај 2020 година

– Во мај 2020 година, просечната каматна стапка на вкупните кредити изнесува 4,83%, со што продолжи трендот на месечен и годишен пад, од 0,03 п.п. и 0,37 п.п., соодветно. Просечната каматна стапка на вкупните депозити изнесува 1,10% и оствари пад на месечна и годишна основа, за 0,01 п.п. и 0,31 п.п., соодветно.

– Просечната каматна стапка на новоодобрените[2] кредити, во мај годинава, бележи раст од 0,15 п.п. на месечно ниво и изнесува 3,92%, додека на годишно ниво се намали за 0,76 п.п. Просечната каматна стапка на новопримените депозити изнесува 0,62% и забележа минимален месечен раст од 0,01 п.п. Во споредба со мај минатата година, оваа каматна стапка е пониска за 0,69 п.п.

### Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[3]

| | 5.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 1.2020 | 2.2020 | 3.2020 | 4.2020 | 5.2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.20** | **5.19** | **5.09** | **4.94** | **4.93** | **4.91** | **4.89** | **4.86** | **4.83** |
| Корпоративен сектор | 4.48 | 4.45 | 4.32 | 4.17 | 4.13 | 4.11 | 4.08 | 4.01 | 3.97 |
| Домаќинства | 5.94 | 5.92 | 5.81 | 5.70 | 5.69 | 5.67 | 5.64 | 5.65 | 5.64 |
| **Новоодобрени кредити** | **4.68** | **4.70** | **4.46** | **4.15** | **4.46** | **4.33** | **4.12** | **3.77** | **3.92** |
| Корпоративен сектор | 4.34 | 4.29 | 4.11 | 3.80 | 4.19 | 3.82 | 3.79 | 3.66 | 3.71 |
| Домаќинства | 5.18 | 5.22 | 5.10 | 4.71 | 4.91 | 4.95 | 4.83 | 4.38 | 4.43 |
| **Вкупни депозити** | **1.41** | **1.41** | **1.36** | **1.26** | **1.20** | **1.19** | **1.11** | **1.11** | **1.10** |
| Корпоративен сектор | 1.61 | 1.61 | 1.67 | 1.53 | 1.48 | 1.49 | 1.24 | 1.28 | 1.24 |
| Домаќинства | 1.38 | 1.38 | 1.32 | 1.23 | 1.17 | 1.15 | 1.10 | 1.09 | 1.08 |
| **Новопримени депозити** | **1.31** | **1.15** | **1.27** | **1.14** | **0.95** | **0.98** | **0.54** | **0.61** | **0.62** |
| Корпоративен сектор | 1.12 | 0.96 | 1.32 | 1.11 | 0.71 | 0.56 | 0.20 | 0.37 | 0.34 |
| Домаќинства | 1.50 | 1.25 | 1.24 | 1.17 | 1.07 | 1.19 | 0.94 | 1.01 | 0.91 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Под „каматна стапка“ се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити/новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (коишто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

[3] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозитите/кредитите (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРСМ.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[4]

– Во мај, просечната каматна стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор се намали за 0,04 п.п., во однос на претходниот месец и изнесува 3,97%. Надолната промена е резултат на намалувањето на сите компоненти, и тоа: каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,06 п.п.), каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,03 п.п.) и каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,02 п.п.). На годишна основа, просечната каматна стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор бележи пад од 0,51 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор, овој месец, изнесува 3,71% и е зголемена за 0,05 п.п. на месечна основа. Анализирано според валутната структура, растот се должи на зголемувањето на каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,32 п.п.) и каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,03 п.п.), а во услови на пад кај каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,30 п.п.). Споредено на годишно ниво, оваа каматна стапка е намалена за 0,63 п.п.







Извор: НБРСМ.

[4] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

- Во мај, просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор, бележи месечен пад од 0,04 п.п. и изнесува 1,24%. Надолната промена произлегува од намалувањето на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,09 п.п.) и каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,02 п.п.), при остварен раст на каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,02 п.п.). Каматната стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор е намалена за 0,37 п.п., во однос на мај 2019 година.

- Каматната стапка на новопримените депозити[5] на корпоративниот сектор, овој месец, изнесува 0,34% и е пониска за 0,03 п.п. на месечно ниво. Падот е резултат на намалувањето на каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,30 п.п.) и каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,06 п.п.), во услови на раст на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,56 п.п.). На годишно ниво, каматната стапка на новопримените депозити на корпоративниот сектор забележа пад од 0,78 п.п.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[6]







Извор: НБРСМ.

- Просечната каматна стапка на вкупните кредити на домаќинствата, во мај, оствари минимален месечен пад од 0,01 п.п. и изнесува 5,64%. Месечниот пад се должи на пониските каматни стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,01 п.п., соодветно), во услови кога каматните стапки на кредитите во странска валута се непроменети. Во споредба со мај 2019 година, оваа каматна стапка е намалена за 0,30 п.п.

---

[5] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[6] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Во мај годинава, каматната стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата изнесува 4,43% и бележи раст од 0,05 п.п. на месечна основа. Притоа, месечниот раст целосно е резултат на каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,14 п.п.), при остварен пад кај каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,30 п.п.) и каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,05 п.п.). Анализирано на годишна основа, каматната стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата бележи пад од 0,75 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Во мај, просечната каматна стапка на вкупните депозити на домаќинствата изнесува 1,08% и во споредба со минатиот месец е намалена за 0,01 п.п., што се објаснува со минималниот пад на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,01 п.п.), во услови на раст на каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,01 п.п.) и непроменети каматни стапки на денарските депозити без валутна клаузула. На годишна основа, оваа каматна стапка е пониска за 0,30 п.п.

– Каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата[7], овој месец, оствари месечно намалување од 0,10 п.п. и се сведе на 0,91%. Месечното намалување произлегува од пониските каматни стапки на депозитите во странска валута (за 0,08 п.п.), при евидентиран раст кај денарските депозити без валутна клаузула (за 0,05 п.п.). Во мај, кај банките и штедилниците не се евидентирани новопримени денарски депозити со валутна клаузула. Каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата е намалена за 0,59 п.п., во однос на истиот период од претходната година.

[7] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 31 јули 2020 година (референтен пресек заклучно со јуни 2020 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/110/108).